**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број 10-476/1**
**16.02.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 75-ѓ став 11 и членот 31 став (2) точките 2 и 44 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 43/20), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр. 08-588/1 од 01.03.2019 година а во врска со Решението за распишување на Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-1422/1 од 16.02.2020 година, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија на 16 февруари 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на просечно постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање во последните пет изборни циклуси

1. Државната изборна комисија, согласно член 75-ѓ став (11) од Изборниот законик и Упатството за начинот и постапката за утврдување на просечно постигнатата цена и најниска цена за платено политичко рекламирање, бр. 10-475/1 од 16.02.2020 година, ја објавува просечно постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во последните пет изборни циклуси, и тоа:

- Просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање на телевизиите во последните 5 изборни циклуси изнесува 1,83 ЕВРА / 112,72 денари за една секунда рекламен простор.
- Најниска цена за платено политичко рекламирање на телевизиите во последните 5 изборни циклуси изнесува 0,2 ЕВРА / 12,30 денари за една секунда рекламен простор.

- Просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање на радиа во последните 5 изборни циклуси изнесува 0,66 ЕВРА / 40,52 денара за една секунда рекламен простор.
- Најниска цена за платено политичко рекламирање на радиа во последните 5 изборни циклуси изнесува 0,03 ЕВРА / 2,00 денари за една секунда рекламен простор.

- Просечно постигнатата цена за закуп на рекламен простор за платено политичко рекламирање од страна на печатените медиуми изнесува 405,00 ЕВРА / 24.907,50 денари за една внатрешна црно бела страна односно 530,53 ЕВРА / 32.6277,80 денари за една внатрешна страна во боја.
- Најниска цена за закуп на рекламен простор за платено политичко рекламирање од страна на печатените медиуми изнесува 315,00 ЕВРА / 19.372 денари за една внатрешна црно бела страна односно 422,00 ЕВРА / 25.953 денари за една внатрешна страна во боја.

- Сумата која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) и печатен медиум од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15,000 (петнаесет) илјади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**